# ВОВЕД

Овој курс обезбедува основни знаења и вештини за медиумска писменост и критичко размислување, потребни за разбирање на современите медиумски содржини, како и за разбирање, толкување и креирање пораки и натписи што ги добиваме и испраќаме преку масовните медиуми. Содржи **20 лекции** и го користи метод на хибридно/мешано учење, осносно пристап кон образованието што ги комбинира онлајн едукативните материјали и можностите за интеракција преку интернет со класичен тип на предавање во училница. Учесниците ќе се запознаат со клучните концепти во областа на медиумите и комуникацијата, ќе бидат поттикнати и охрабрени да преземат критичка, активна граѓанска и општествено одговорна улога кон современиот медиумски пејзаж и ќе бидат обучени да создаваат статии со квалитет што може да се објави. Тие ќе научат за важноста и влијанието на медиумите, нивната распространетост, начинот на кој пораките се создаваат и како тие би можеле да се деконструираат, декодираат и критички да се проценат во однос на квалитетот, доверливоста, објективноста и да го сфатат поширокиот контекст на медиумската функција и дискурсот што медиумите го користат за да им се обратат на корисниците/примателите на пораките.

Курсот ќе опфати неколку поголеми области од медиумскиот простор, од кои секоја покрива повеќе различни теми: видови медиуми: традиционални наспроти социјални; различни значења на медиумската писменост; "5W + 1H" – суштински правила на одговорното новинарство (**Кој?, Што?, Кога?, Каде?** и **Зошто?**, плус: **Како?**); **Најдете негативец** – како да анализирате и критички да читате медиумски пораки?; Светот во 30 минути: **конструирање на телевизиски вести**; Застапеност на симболика во медиумите; **Пристрасност во медиумите**; Доктори за извртување – што е **медиумско извртување**?; **„Лажни" вести** и како да ги препознаете, **Моќта на медиумите** (кратка историја на масовните медиуми, истражувачко новинарство и примери од највлијателните случаи во историјата на медиумите – скандалот Вотергејт, Викиликс, Панамските документи), неколку лекции за **стил и пишување** и како да ги подобрите вашите вештини за истражување, пишување и објавување. Добредојдени се учесниците да ја поднесат својата работа до Транснационалното младинско списание ***ТУМ***.

Целта на овој курс е да понуди вовед во некои основни концепти на медиумската писменост. Ова значи разбирање на улогата и моќта на медиумите во денешниот свет, но и разбирање на тоа како се конструираат медиумските пораки и колку што е можно стекнување на вештини за истите да ги креирате сами. За да добиеме увид во медиумската писменост, подетално ќе ги опфатиме овие **6 теми**:

- **Што е медиумска писменост?**
- **Како критички да читате медиумски пораки?**
- **Суштината на одговорното новинарство**
- **Основни принципи на пишувањето**
- **Елементи на стил**
- **Младински активизам и медиуми**

Како што можете да забележите, некои делови се поинформативни и даваат кратко теоретско објаснување на основните концепти, додека други се попрактични и ориентирани кон изразување.

transnational youth magazine